Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 88, 15 септември 2012 година

септември 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област ентомологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........10

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Литературата за пијано во романтизмот“ од авторот доцент м-р Емилија Потевска, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........15

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот скрипта „Анализа и интерпретациски проблеми при камерното музицирање во квинтетот за обоа и гудачи од арнолд бакс“ од доц. м-р Владимир Лазаревски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........18

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот со наслов „Наратологија“ од авторот доц. д-р Ранко Младеноски, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........21

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕНТОМОЛОГИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1802-157/4 од 14 август 2012 година донесена на 66. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 13 август 2012 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на ***еден наставник во сите звања*** за наставно-научната област ***ентомологија*** во следниов состав:

– проф. д-р Миле Постоловски, редовен професор на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател);
– проф. д-р Саша Митрев, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (член);
– проф. д-р Илија Каров, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (член).

На Конкурсот, објавен на 6 јули 2012 година во весниците „Дневник“ и „Лајм“, за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *ентомологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се пријави кандидатот д-р Душан Спасов.

По разгледувањето на доставената документација од страна на кандидатот, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатот д-р Душан Спасов ги има приложено следниве документи: пријава, диплома за доктор на земјоделски науки, биографија, уверение за познавање на англиски јазик, список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите, уверение за државјанство, изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата и други сертификати, одлуки и решенија.

***Биографски податоци***

**Д-р Душан Спасов** е роден на 12 јули 1961 година во с. Просениково, Струмичко. Основно образование завршува во родното место, а средно образование завршува во Струмица. Во академската 1981/1982 година се запишува на Земјоделски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, насока Поледелство, каде што дипломира во 1987 година. Во 1988 година се вработува во ИРЕ Институт за земјоделство - Струмица.

Во академската 1989/1990 година се запишува на едногодишни постдипломски студии (специјализација) на Земјоделскиот факултет во Скопје, група Семепроизводство и контрола на семето на нивски култури, а во 1991 година ги завршува со одбрана на специјалистички труд со наслов „*Испитување на ’ртливоста и времето на никнење на памуковото семе кај сортите А-2 и бели извор*“. Во академската 1992/1993 година се запишува на постдипломски студии (магистерски), група Заштита на растенијата, подгрупа Ентомологија при Земјоделскиот факултет во Скопје. Магистерскиот труд со наслов „*Лисни вошки кај пиперката во струмичкиот реон*” успешно го одбранува на 14 јули 1999 година. Во јануари 1999 година се вработува во фирмата „Агрохемија“ во Скопје. На ова работно место останува до мај 2000 година. Во март 2000 година е избран во асистент по предметот Ентомологија при ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури во Струмица. Од 2001 година до 2006 година работи како помошник-директор во ЈНУ

Институт за јужни земјоделски култури. Докторската дисертација со наслов „*Штетни инсекти кај пиперката во струмичкиот реон*“ ја одбранува на 20 јануари 2006 година на Факултетот на земјоделски науки и храна во Скопје, со што се здобива со академски степен *доктор на земјоделски науки*.

Со Одлука бр. 0201-716 од 25 август 2006 година на Советот на Институтот е избран во звање научен соработник. На 20 декември 2006 година на Научниот совет при ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури е избран за в.д. директор. На ова место останува до септември 2007 година. Со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет (бр. 0210-80/7-4 од 11.11.2008 год.) кандидатот е избран во наставно-научно звање **доцент.**

Со Решение од ректорот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, од март 2008 година, д-р Душан Спасов работи како раководител на Институтот за земјоделство при Земјоделскиот факултет. Од 2009 до денес работи како раководител на Наставен центар – Струмица при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Д-р Душан Спасов учествува на повеќе советувања и симпозиуми од областа на заштита на растенијата, со излагања на сопствени трудови и како коавтор, во земјава и во странство. Исто така, добива диплома за успешно завршена обука на тема „*Производство на семенски компир во Гуча, Р. Србија*”, како и сертификат за присуство на краток курс во Бари, Италија, на тема „*Интегрално/органско производство на зеленчук на отворено*”.

Во досегашното работење, активно е вклучен како соработник-истражувач во неколку научноистражувачки проекти финансирани од Министерството за образование и наука на РМ, исто така активно е вклучен и во неколку апликативни проекти финансирани од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ. Учествува во работата на Комисија за признавање на пестициди при Фитосанитарната управа, Комисија за изработка на Законот за производи за заштита на растенијата и Комисија за признавање на нови сорти. Член е на Здружението за заштита на растенијата на Република Македонија. Член е на Сојузот на учените на Република Бугарија, како и Член на програмскиот одбор на Меѓународната конференција Вивус, во Накло, Република Словенија.

***Наставно-образовна дејност***

Д-р Душан Спасов е ангажиран во наставата за 2009/2010 година како доцент по следниве предмети:

прв циклус на студии: *Ѓубрива и плодност на почвите* за студентите на Земјоделскиот факултет (зимски семестар)
2009/2010 – Штип, Струмица (2+2+1),
20010/2011 – Штип, Струмица и Кавадарци (2+2+1),
20011/2012 – Штип, Струмица, Кавадарци и Св. Николе (2+2+1),
*Ентомологија* за студентите на Земјоделскиот факултет (летен семестар)
2009/2010 – Штип, Струмица (2+2+1),
20010/2011 – Штип, Струмица и Кавадарци (2+2+1),
20011/2012 – Штип, Струмица, Кавадарци и Св. Николе (2+2+1),

*Фитофармација* за студентите на Земјоделскиот факултет (летен семестар)
2009/2010 – Струмица (1+1+1),
20010/2011 – Струмица и Кавадарци (1+1+1),
20011/2012 –Струмица и Кавадарци (1+1+1),

*Заштита на градинарски култури* за студентите на Земјоделскиот факултет (летен семестар)
2009/2010 – Струмица (1+1+1),
20010/2011 – Струмица (1+1+1),
20011/2012 –Струмица (1+1+1),

*Интегрална заштита на градинарски култури* за студентите на Земјоделскиот факултет (летен семестар)
20010/2011 – Струмица (2+2+1),
20011/2012 –Струмица (2+2+1),

*Интегрална заштита на индустриски и фуражни култури* за студентите на Земјоделскиот факултет (летен семестар)
20010/2011 – Струмица (2+2+1),
20011/2012 –Струмица (2+2+1),

- втор циклус на студии
*Општа ентомологија* (2+1+1)
*Специјална ентомологија* (2+1+1)
*Биолошка заштита (3+2+2).*

Д-р Душан Спасов е автор на една рецензирана скрипта, шест интерни скрипти од предавања и една интерна скрипта од вежби, за студентите на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, и тоа:

– **Душан Спасов,** Билјана Атанасова, 2012: Општа ентомологија, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, рецензирана скрипта;
– **Душан Спасов**, Билјана Атанасова, 2010: Ентомологија (интерна скрипта од предавања), Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– **Душан Спасов**, Билјана Атанасова, 2010: Ентомологија (интерна скрипта од вежби), Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– **Душан Спасов,** Билјана Атанасова 2010: Ѓубрива и плодност на почвите (интерна скрипта од предавања), Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– **Душан Спасов**, Билјана Атанасова, 2010: Фитофармација (интерна скрипта од предавања), Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– **Душан Спасов**, Билјана Атанасова, 2010: Заштита на градинарски култури (интерна скрипта од предавања), Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– **Душан Спасов**, Билјана Атанасова, 2010: Интегрална заштита на градинарските култури (интерна скрипта од предавања), Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– **Душан Спасов**, Билјана Атанасова, 2010: Интегрална заштита на индустриски и фуражни култури (интерна скрипта од предавања), Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Д-р Душан Спасов е член на два одбранети магистерски труда на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Кандидатот е рецензент на скрипта „Општо градинарство“ по предметот Градинарство од авторот доц. д-р Милан Ѓорѓиевски.

Во изминатиот период е рецензент за избор на шест соработници, ментор на пет одбранети дипломски работи и член на две комисии за одбрана на дипломски работи.

***Список на трудови по изборниот период:***

1. D. Spasova, **D. Spasov**, M. Ilievski, B. Atanasova (2011): Characteristics of some Macedonian and introduced oats genotypes cultivated in organic and conventional production. Journal for the Improvement of Animal Husbandry, 27 (3), p 1305-1313, Belgrade-Zemun.
2. Dragica Spasova**, Dusan Spasov**, Mite Ilievski, Biljana Atanasova, Riste Kukutanov (2011): Quality features of some oats genotypes cultivated in different systems of production. EHEDG World congress on hygienic engineering and design 2011 – Macedonia, 22 to 24 September 2011 in Ohrid.
3. **Dusan Spasov**, Dragica Spasova, Biljana Atanasova (2011): Faunistic composition of species from the family APHIDIIDAE at pepper in Strumica region. International scientific on-line journal "Science & Technologies", Publisher "Union of Scientists – Stara Zagora". Volume I, Number 6, Plant studies**.** 2011.
4. Mitrev Sasa, Biljana Kovacevik, **Spasov Dusan**, Zlatkovski Vasko (2010). Evaluation of somepossibilities to suppress Pseudomonas mediterranea and Phytium spp. In organic agriculture.Book of abstracts. International conference on organic agriculture in scope of environmentalproblems, 03 - 07 February 2010. Famagusta, Cyprus Island.
5. D. Spasova**, D. Spasov**, Lj. Mihajlov, A. Stoilova, N. Valkova (2010): performance of new Bulgarian cotton varieties in Strumica, Macedonia. Field Crops studies. Volume VI No. 3, 2010, 387-395, CDWRI – Chirpan, Bulgaria.
6. D. Spasova, G. Vasilevski, **D. Spasov**, M. Ilievski, B. Atanasova (2010): Dependence on the Floral Content and the Weed Number from Growing System in Oat in Strumica Region. Plant Science Journal, Vol. XLVII, 2010, 1, Sofija: 33 – 35.
7. M. Georgievski, **D. Spasov**, D. Spasova, M. Ilievski, B. Atanasova (2010): Yield components and yield of F1 Tomato hybrids. Plant Science Journal, Vol. XLVII, 2010, 1, Sofija: 64 – 66.
8. **D. Spasov**, D. Spasova, M. Georgievski, B. Atanasova. (2010): Pests on tomatoes produced in greenhouses in Strumica region. Plant Science Journal, Vol. XLVII, 2010, 1, Sofija: 67 – 69.
9. D. SPASOVA, S. MITREV, A. STOILOVA and **D. SPASOV** (2010):Content of raw proteins in oat depending on the growing system in Strumica region, Macedonia. Bulgarian Journal of Agricultural Science, 16 (No 6) 2010, 673-677 Agricultural Academy Bulgaria
10. Dragica Spasova, **D. Spasov**, M. Ilievski, Biljana Atanasova (2010): The influence of growing system on some morphological features of oat in Strumica region. 20th International Scientific Conference 3th - 4th June 2010, Stara Zagora, Volume I Agriculture science, Plants studies 122-127, ISBN 9 789549 329469, Bulgaria.
11. Biljana Atanasova**, Dusan Spasov,** Dragica Spasova (2010): Qualitative and quantitative analisys of cicades (Homoptera: Auchenorrhyncha) at grapevine in region of Kavadarci, Republic of Macedonia. 20th International Scientific Conference 3th - 4th June 2010, 109-114, Stara Zagora, Volume I Agriculture science, Plants studies 109-114, ISBN 9 789549 329469, Bulgaria.
12. Dragica Spasova, **D. Spasov**, M. Ilievski, Biljana Atanasova, R. Kukutanov (2010): Production characteristics of oat in Republic of Macedonia. XV Savetovanje o biotehnologiji, Cacak, 26 – 27 Mart 2010 god. Vol. 15 (16): 207 – 212
13. **D. Spasov**, Dragica Spasova, Biljana Atanasova, M. Ilievski, Cvetanka Arsova (2010): Insect pests at seed wheat in Republic of Macedonia. XV Savetovanje o biotehnologiji, Cacak, 26 – 27 Mart 2010 god. Vol. 15 (16): 179 – 182.
14. M. Ilievski, Dragica Spasova, **D. Spasov**, Biljana Atanasova, M. Georgievski (2010): Production characteristics of Macedonian genotypes soft winter wheat. XV Savetovanje o biotehnologiji, Cacak, 26 – 27 Mart 2010 god. Vol. 15 (16): 173 – 177.
15. **Spasov D.,** Atanasova Biljana (2010): Integrated production of pepper in Republic of Macedonia. I International Congress, sustainability of production, processing and offer of food. Contributions of Congress. Sentjur, Slovenia.
16. Митрев С., **Спасов Д.,** Каров И., Емилија Костадиновска, Билјана Ковачевиќ (2010): Идентификација на причинителот на стеблената некроза кај доматот во Р. Македонија. Годишен зборник на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Земјоделски факултет, Година 10: 9-23, Штип.

17. Ivelina Nikolova, Svilen Raykov, **Dusan Spasov** (2010): Study thee efficacy of Regent WG 800 g/kg Against pea granivore *Bruchus pisorum* L. (Col. Chrysomelidae. Yearbook Goce Delcev Universyty – Stip, Faculty of Agriculture, Volume X, 127-135, Stip.
18. Spasova Dragica, **Spasov D**., Atanasova Biljana, Ilievski M. (2009): Results of the exeminations of some herbicides used in tomato and pepper grown as summer crops in greenhouses. International Scientific Conference, Union of Scientistis - Stara Zagora, 4-5 June 2009, Volume I Agriculture science, Plants studies 226-230, ISBN 978-954-93-2945-2, Bulgaria.
19. **Spasov D**., Spasova Dragica, Ilievski M., Atanasova Biljana (2009): The effect of temperature on appearance of tomato russet mite (*Aculops Lycopersici M*.) on tomato and damages that causes. International Scientific Conference, Union of Scientistis - Stara Zagora, 4-5 June 2009, Volume I Agriculture science, Plants studies 231-235, ISBN 978-954-93-2945-2, Bulgaria.
20. Ilievski M., Spasova Dragica, Vasilevski G., **Spasov D.,** Georgievski M. (2009): The influence of croping management system on diversity content and weed dynamics in cereal mixtures International Scientific Conference, Union of Scientistis - Stara Zagora, 4-5 June 2009, Volume I Agriculture science, Plants studies 236-240, ISBN 978-954-93-2945-2, Bulgaria.
21. Dragica Spasova**, Dusan Spasov**, Ljupco Mihajlov, Ana Stoilova, Neli Velkova (2009): Application of cluster analysis for avaluation of new Bulgarian and Macedonian Cotton varieties and lines. Yearbook Goce Delcev Universyty – Stip, Faculty of Agriculture, Volume IX, 47-56, Stip.
22. Митрев С., Билјана Ковачевиќ, Каров И., **Спасов Д.** (2009): Идентификација на *Pseudomonas viridiflava (*burkholder) Dowson, еден од причинителите на гниење на стеблото кај доматот во Струмичкиот регион. Годишен зборник на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Земјоделски факултет, Година 9: 7-17, Штип.
23. Митрев, С**.,** Ковачевиќ Билјана, Накова Емилија и **Спасов, Д.** (2008): *Pseudomonas agglomerans* and *Pseudomonas sp*. Причинители на гниење на стеблото кај доматот. Заштита на растенијата, Вол. 19: 94-98, Скопје.
24. Dragica Spasova**,** G. Vasilevski, **D. Spasov**, M. Ilievski, Biljana Atanasova (2008)**:** Grain yield depending of the growing system at oat in Strumica region. Scientific conference with international participation, Scientific researches. Volume III, part II, 71-77. Kardjali, 1-2 October 2008, ISBN 978 954 9634 33 4 Bulgaria.

***Учество во научноистражувачки проекти:***

| Наслов на проектот | Период | Финансиран од: | Улога во проектот (главен истражувач или учесник) |
|---|---|---|---|
| Агроеколошка оцена на нови бугарски и македонски сорти памук | 2008-2009 | МОН | учесник |
| Проучување на фитоплазмите како причинители на заболувања кај земјоделските култури | 2004 - 2006 | МОН | учесник |
| Известајно-прогнозна служба на РМ за југоисточна Македонија | 2000, 2001, 2003, 2004, 2005,2006 | МЗШВ | учесник |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Душан Спасов во своето научноистражувачко, стручно и работно искуство од областа на заштита на растенијата - ентомологија, во која област има магистрирано и докторирано, има постигнато забележителни резултати. Во истата област д-р Душан Спасов има искуство и како наставник, држејќи настава за повеќе предмети од оваа област на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Согласно со изнесените податоци, како и согласно со Законот за високото образование на Р. Македонија, Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и распишаниот Конкурс, д-р Душан Спасов ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во наставно-научната област ентомологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на претходно наведеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои нашиот предлог и **кандидатот доцент д-р Душан Спасов да го избере во звањето вонреден професор за наставно-научната област ентомологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Миле Постоловски, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Саша Митрев, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Илија Каров, редовен професор, с.р.**

## П Р И Л О Г

### Табела за вреднување на активностите на д-р Душан Спасов во реизборниот период 2008-2012 г., според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| Ред. број | Наставно-образовна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум | 1x8=8 | / |
| 2 | Интерна скрипта од предавања | 6x4=24 | |
| 3 | Интерна скрипта од вежби | 1x2=2 | |
| 4 | Рецензент на учебник, скрипта и сл. | 1x1=1 | / |
| 5 | Ментор на одбранета дипломска работа | 5x1=5 | / |
| 6 | Член на комисија за одбрана на магистерска работа и специјалистичка работа | 2x1=2 | / |
| 7 | Член на комисија за одбрана на дипломска работа | / | / |
| 8 | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 58,5 | |
| 9 | Одржани предавања (или консултации) на постдипломски студии по одржан курс | 6 | / |
| 10 | Рецензент на соработници и наставници | 5x1=5 | / |
| 11 | Рецензент на труд од областа на наставно-образовната дејност (СЦИ/ЦА/останати) | 2x3=6 | |
| **Наставно-образовна дејност (вкупно)** | | **119,5** | |

| Ред. број | Научноистражувачка дејност и стручно- уметнички активности | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати)<br>6 x 9; 17 x 6 | 156 | |
| 2 | Учество на научен собир со реферат (постер, усно), концерт во земјава и во странство<br>8 x 1,5 | / | 12 |
| 3 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти)<br>1 x 3 | | 1x3=3 |
| 4 | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 1x2=2 | |
| 5 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | / | 2x2=4 |
| **Научноистражувачка дејност (вкупно)** | | **177** | |

| Ред. број | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Изготвување на извештаи за препораки за ѓубрење од анализи и биолошко испитување на препарати<br>500 x 0,1 | 50 | / |
| 2 | Шеф на институт | 1x4=4 | |
| 3 | Раководител на завод | 1x3=3 | |
| 4 | Член на универзитетски или владини тела | 3x5=15 | |
| 5 | Член на факултетски орган, комисија<br>1 x 2 | 2 | |
| Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (вкупно) | | 74 | |
| **ВКУПНО (НО + НИ + САОР)** | | **370,5** | |